АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Se Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 27.03.2023

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 1387 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 март 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 март 2023 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2023 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Трговските радиодифузни друштва кои*

*емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот*).

Со надзорот е констатирано дека на 2 март 2023 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуваше 2 часа 58 минути и 49 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **13.68%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 46 минути и 51 секунда). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 2 март што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:46:51) е 6 часа 32 минути и 3 секунди. Телевизија 21-М емитуваше за 3 часа 33 минути и 14 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 06:32:03) е 3 часа 16 минути и 1 секунда програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 1 час 14 минути и 42 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 2 часа 1 минута и 19 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 2 март 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***